**20211221975**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2632/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

Член 1

Во Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), во насловот на главата XII зборот „одредби“ се заменува со зборот „санкции“.

Член 2

Во член 52 во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „250 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 3

Во член 52-а во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „1.000 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 4

Членовите 52-б и 52-в се менуваат и гласат:

„Член 52-б

За прекршоците од членовите 52 и 52-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 52-в

За прекршоците од членовите 52 и 52-а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 5

Насловите на членовите 52-г и 52-д и членовите 52-г и 52-д се бришат.

Член 6

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.